ПП бр: 09- 29 /

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисјата за за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски–Претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi -членови, постапувајќи во постапка поведена по службена должност со заклучок ПП бр.09-91/2 од 27.08.2025 година против Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Славејко Арсов бр.138-1, Скопје, застапувано од Јордан Мијалков, управител и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34-3/лок 3 Скопје, застапувано од адвокат Гордана Гацева на седница одржана на ден 04.03.2026. година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Славејко Арсов бр.138-1 Скопје со ЕМБС 7066180, ЕДБ 4080015554043 и жиро сметка 300000003942310 во Комерцијална банка АД Скопје застапувано од Јордан Мијалков, управител и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34-3/лок 3 Скопје, со ЕМБС 7024460, ЕДБ 4057015528520 и жиро сметка 300000003982080 во Комерцијална банка АД Скопје застапувано од адвокат Гордана Гацева иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата биле должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување, односно пред поднесување на пријава за промена до Централниот регистар на Република Северна Македонија на 25.07.2024 година, а по склучување на Договорот за пренос на удел од 24.07.2024 година, истите во наведениот период не поднеле известување за концентрација, со што сториле прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата за што на Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 307.500 денари што претставува 0.016% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата и на Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 60.000 денари што претставува околу 3.44% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата.

2.Се утврдува дека Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Славејко Арсов бр.138-1 Скопје со ЕМБС 7066180, ЕДБ 4080015554043 и жиро сметка 300000003942310 во Комерцијална банка АД Скопје застапувано од Јордан Мијалков, управител и Друштвото за градежништво, трговија и

услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34-3/лок 3 Скопје, со ЕМБС 7024460, ЕДБ 4057015528520 и жиро сметка 300000003982080 во Комерцијална банка АД Скопје застапувано од адвокат Гордана Гацева иако согласно член 18 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата не смееле да ја спроведат концентрацијата пред 21.05.2025 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје ја спровеле концентрацијата на 25.07.2024 година со поднесувањето на пријава за промена до Централниот регистар на Република Северна Македонија, со што сториле прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата за што на Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 553.500 денари што претставува 0.028% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата и на Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје,му се изрекува санкција - глоба во износ од 90.000 денари што претставува 5,17% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје,остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата.

3.За прекршоците од точка 1. и 2. од ова решение на Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Славејко Арсов бр.138-1 Скопје со ЕМБС 7066180, ЕДБ 4080015554043 и жиро сметка 300000003942310 во Комерцијална банка АД Скопје застапувано од Јордан Мијалков, управител му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 861.000 денари, што претставува 0,044% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата и на Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34-3/лок 3 Скопје, со ЕМБС 7024460, ЕДБ 4057015528520 и жиро сметка 300000003982080 во Комерцијална банка АД Скопје застапувано од адвокат Гордана Гацева, му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 150.000 денари, што претставува 8,62% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата

4.Глобата од точка 3. од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840ххх[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Од Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 30.07.2025 година, до Комисијата за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: КОП) доставен е допис ПП бр. 09-91/1 со цел КОП да утврди дали во наведениот предмет евентуално е сторен прекршок од член од член 60 став (1) точка 1) и /или 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот).
Во дописот се наведува дека согласно член 15 од Законот на ден 14.04.2025 година, а дополнето на 17.04.2025 и на 07.05.2025 година до Комисијата е доставено известување за концентрација од страна на Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Славејко Арсов бр.138-1, Скопје, (во понатамошниот текст: БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ) и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34-3/лок 3 Скопје (во понатамошниот текст: ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ) со која БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ, се стекнале со заедничка контрола над Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје, (во понатамошниот текст: СОФИЈА ГРАДБА ДОО) по пат на купопродажба на удели.

Решението со кое е утврдено дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата за предметната концентрација Комисијата го донела на 21.05.2025 година.

На ден 27.08.2025 година година КОП донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-91/2 против БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ.

Пропратно писмо ПП бр. 09-91/3 и ПП бр.09-91/4 од 02.09.2025 година.

Со допис, наш ПП бр. 09-91/5 од 12.09.2025 година БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ одговори на заклучокот.

Со допис, наш ПП бр. 09-91/6 од 24.09.2025 година ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ одговори на заклучокот.

На ден 24.10.2025 година КОП донесе прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-91/7, доставено со пропратно писмо ПП бр.09-91/8 од 24.10.2025 година.

Со допис, наш ПП бр. 09-91/9 од 11.11.2025 година ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ одговори на прелиминарно известување.

Со допис, наш ПП бр. 09-91/10 од 11.11.2025 година БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ

одговори на прелиминарно известување.

На ден 22.01.2026 година КОП донесе конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-29/1, доставено со пропратно писмо ПП бр.09-29/2 од 22.01.2026 година.

Со допис, наш ПП бр. 09-29/3 од 05.02.2026 година БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ одговори на конечното известување.

**Врз основа на анализа на доставените податоци и документи КОП во досегашната постапка по предметот, ја утврди следната фактичка состојба:**

Согласно член 15 од Законот на ден 14.04.2025 година, а дополнето на 17.04.2025 и на 07.05.2025 година до Комисијата е доставено известување за концентрација од БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ со која истите стекнуваат заедничка контрола над СОФИЈА ГРАДБА ДОО.

Решението за оценка на предметната концентрација Комисијата го донела на 21.05.2025 година

***Настанување на концентрација***

Согласно член 12 став (1) точка 2) алинеја 2 од Законот, концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а особено како резултат на стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие. Друштво за градежништво, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје со седиште на ул. "Скупи бр."3А Скопје и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ склучиле Договор за пренос на удел врз основа на кој ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ стекнал 50% од уделите во СОФИЈА ГРАДБА ДОО, со што, заедно со постојниот имател на удели БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ стекнале заедничка контрола над СОФИЈА ГРАДБА ДОО. Наведениот договор е склучен на 24.07.2024 година, а е заверен на 25.07.2024 година.

Според податоците од Историјатот на промени за СОФИЈА ГРАДБА ДОО на ден 25.07.2024 година до Централниот регистар на Република Северна Македонија е поднесена пријава за промена на основач.

Од наведеното е јасно дека согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот, настанала концентрација со промена на контролата на долгорочна основа.

***Услови за известување за концентрација***

Согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот, известување за концентрација до Комисијата се поднесува ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата,

при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност.

- БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ во 2023 година остварил приходи од вкупно 1.913.902.085,00 денари[2] (31.122.889 евра) сите во Република Северна Македонија
- ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ во 2023 година остварил приходи од вкупно 1.740.000,00 денари (28.294 евра) сите во Република Северна Македонија
- СОФИЈА ГРАДБА ДОО во 2023 година остварила приходи од вкупно 1.888,00 денари (30 евра) сите во Република Северна Македонија

Од наведените податоци е видно дека заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници во концентрацијата, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, најмалку еден од учесниците е регистриран во Република Северна Македонија и заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност.

### *1. Обврска за известување за концентрација*

Согласно член 15 став (1) од Законот учесниците во концентрацијата се должни до Комисијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување. Неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот.

Согласно член 15 став (3) од Законот, при стекнување на заедничка контрола, заедничко известување поднесуваат учесниците на спојувањето односно стекнувачите на заедничката контрола, во случајот БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје.

Од горенаведеното неспорно е дека со предметната трансакција БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ стекнале заедничка контрола над СОФИЈА ГРАДБА ДОО, па оттука постоела обврска за БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ, да достават до Комисијата известување за концентрација по склучување на Договорот за пренос на удел (склучен на 24.07.2024 година, а заверен на 25.07.2024 година),а пред нејзиното спроведување, односно пред 25.07.2024 година кога е поднесена пријава за промена на основач до Централниот регистар на Република Северна Македонија. Односно истите не смееле да ја спроведат концентрацијата пред да биде поднесено известување до Комисијата.

БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ како претпријатија кои стекнале заедничка контрола над СОФИЈА ГРАДБА ДОО, иако согласно член 15 од Законот биле должни до Комисијата да достават известување за концентрација

[2] Среден курс на НБРМ на 31.12.2023 1 евро = 61.4950

по склучување Договорот за пренос на удел (склучен на 24.07.2024 година, а е заверен на 25.07.2024 година), а пред нејзиното спроведување, односно не смееле да ја спроведат концентрацијата пред да биде поднесено известување до Комисијата., истите ја спровеле концентрацијата без да поднесат известување, со што сториле прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот.

БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ целосно известување за наведената концентрација до Комисијата доставиле на ден 07.05.2025 година.

За сторениот прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ ќе им се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот*, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупните приходи на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ остварени во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат 1.913.902.085,00 денари.

Вкупните приходи на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ остварени во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат 1.740.000,00 денари.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:

- Комисијата со решението УП бр. 08-75 од 21.05.2025 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје самоиницијативно поднесоа известување за предметната концентрација на 14.04.2025 година, адополнето на 17.04.2025 година и на 07.05.2025 година и

- БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје ефективно соработуваа со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ како претпријатија кои стекнале заедничка контрола над СОФИЈА ГРАДБА ДОО, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата биле должни до Комисијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување односно пред да поднесенат пријава за промена до Централниот регистар на Република Северна Македонија на 25.07.2024 година, а по склучување на Договорот за пренос на удел од 24.07.2024 година,, истите во наведениот период не поднеле известување за концентрација, со што сториле прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за што на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ му се изрекува санкција - глоба во износ од 307.500 денари што претставува 0,016% од вредноста на вкупниот годишен приход на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата и на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ треба да му се изрече санкција - глоба во износ од 307.500 денари што претставува 17.67% од вредноста на вкупниот годишен приход на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата, па оттука КОП глобата која ќе ја изрече на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ прво ја намалува на законскиот максимум од 10% односно на 174.000 денари и дополнително заради горенаведените олеснителни околности глобата која му се изрекува ја намалува на 60.000 денари, што претставува 3,44% од вредноста на вкупниот годишен приход на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 18 став (1) од Законот, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.

КОП утврди дека концентрацијата е спреведена пред да биде поднесено известувањето до Комисијата и без да биде донесено решение од Комисијата, односно БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ постапиле спротивно на член 18 став (1) од Законот.

Спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

КОП утврди дека времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 2) од Законот е од 25.07.2024 година како ден кога е спроведена концентрацијата (поднесена пријава за промена до Централниот регистар на Република Северна Македонија) до 21.05.2025 година како ден кога Комисијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот. Врз основа на ова периодот во кој траел прекршокот изнесува 9 месеци.

За сторениот прекршок на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ ќе им се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот*, односно вкупниот приход кој се*

*состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупните приходи на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ остварени во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат 1.913.902.085,00 денари.
Вкупните приходи на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ остварени во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат 1.740.000,00 денари
Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:

- Комисијата со решението бр. 08-75 од 21.05.2025 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје самоиницијативно поднесоа известување за предметната концентрација на 14.04.2025 година, адополнето на 17.04.2025 година и на 07.05.2025 година и
- БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје ефективно соработуваа со КОП за време на постапката.
- како особена олиснителна околност КОП го зема и фактот дека уделот на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје во СОФИЈА ГРАДБА ДОО е запленет согласно Налог за заплена на удел од извршител Александра Заринска Дуровска И бр.16/25 од 27.01.2025 година.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ како претпријатија кои стекнале заедничка контрола над СОФИЈА ГРАДБА ДОО, иако согласно член 18 став (1) од Законот не смееле да ја спроведат концентрацијата пред 21.05.2025 година, како ден кога Комисијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот, БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ ја спровеле концентрацијата на 25.07.2024 година со поднесувањето на пријава за промена до Централниот регистар на Република Северна Македонија, со што сториле прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за што на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ му се изрекува

санкција - глоба во износ од 553.500 денари што претставува 0,028% од вредноста на вкупниот годишен приход на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата и на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ треба да му се изрекува санкција - глоба во износ од 553.500 денари што претставува 31,8% од вредноста на вкупниот годишен приход на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата, па КОП глобата која ќе се ирзече на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ прво ја намалува на законскиот максимум од 10% односно на 174.000 денари и дополнително заради горенаведените олеснителни околности ја намалува на 90.000 денари, што претставува 5,17% од вредноста на вкупниот годишен приход на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 17 став (1) од Законот за прекршоците - ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди прекршочна санкција за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена прекршочна санкција сите така утврдени прекршочни санкции.
Согласно член 17 став (2) од Законот за прекршоците - Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена прекршочна санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон.

Оттука, КОП, согласно член 17 од Законот за прекршоците, на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје, му изрекува единствена санкција во износ од 861.000 денари, што претставува 0,044% од вредноста на вкупниот годишен приход на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата и на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ треба да и се изрече глоба од 150.000 денари што претстава 8,62% од вредноста на вкупниот годишен приход на ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата.

КОП го ценеше произнесувањето на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ по конечното известување, но утврди дека истито не е од значење за утврдување на поинаква фактичка состојба од следните причини:

Стекнувачите на контрола, концентрацијата ја спровеле на 25.07.2024 година, целосното известување за концентрација е доставено до Комисијата на 07.05.2025 година а Комисијата решението по предметната концентрација го донела на 21.05.2025 година. Оттука е јасно дека стекнувачите на контрола постапиле спротивно на член 15 став (1) што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1 од Законот и постапиле спротивно на член 18 став (1) од Законот што претставува прекршок од член 60 став (2) од Законот.
Повредата на член 15 е веќе сторена во моментот на недоставено претходно известување. Член 15 од Законот експлицитно пропишува дека известувањето за концентрација до Комисијата мора да биде доставено пред нејзиното спроведување, што во конкретниот случај е 25.07.2024 година, кога тужителите поднеле пријава за промена во Централниот регистар. Самото тоа претставува спроведување на концентрација, а известувањето е доставено дури 9 месеци подоцна, на 07.05.2025 година. Поднесувањето на известување по

спроведување на концентрацијата не ја анулира правната последица од сторениот прекршок, туку само овозможува Комисијата да го оцени дејствието според член 17од Законот и да донесе решение дали концентрацијата е или не е во согласност со Законот. Тоа е од значење за евентуална забрана или дозвола на концентрацијата, но не и за постоењето на прекршокот, кој е формално исполнет со спроведување на концентрацијата без претходно известување до Комисијата.
Повредата на член 18 (спроведување пред одобрување) е исто така независна од доставување известувањето до Комисијата. Дури и откако известување ќе биде поднесено, концентрацијата не смее да се спроведе се додека Комисијата не донесе решение дека истата е во согласност со Законот (чл. 18). Во овој случај, тоа решение е донесено на 21.05.2025 година. Но, концентрацијата е спроведена на 25.07.2024 година, што значи дека постои повреда на член 18, дури и ако последователно е утврдено дека концентрацијата не го нарушува пазарот. Одобрувањето на концентрацијата не исклучува прекршочна одговорност. Дека концентрацијата не предизвикува негативен ефект врз конкуренцијата, како што утврдила Комисијата со решение од 21.05.2025, е релевантно за материјалната оценка на концентрацијата, но не е од значење за прекршочната одговорност за непријавување и предвремено спроведување. Прифаќањето на аргументот на БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ би значело дека секој учесник може да ја спроведе концентрацијата без претходно известување и дури потоа, без правни последици, да достави известување и да се повика на тоа дека „не постои опасност“. Тоа е спротивно на превентивниот дух на контролата над концентрациите, кој има за цел да ги спречи потенцијалните негативни ефекти пред да настанат, а не само да ги утврдува post factum.

Согласно член 15 став (3) од Законот:„ За концентрацијата која настанува како резултат од спојување во смисла на член 12 став (1) точка 1) од овој закон или со стекнување на заедничка контрола во смисла на член 12 став (1) точка 2) од овој закон, заедничко известување поднесуваат учесниците на спојувањето односно стекнувачите на заедничката контрола. Во сите други случаи, известувањето го поднесува лицето односно претпријатието кое ја стекнува контролата на цело или дел од едно или повеќе претпријатија. “

Согласно наведената законска одредба јасно е дека во конкретниот случај постоела обврска за БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ да поднесат заедничко известување, бидејќи по спроведување на предметната концентрација овие две друштва имаат заедничка контрола над СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје иако и пред концентрацијата БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ имал заедничка контрола над СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје. Но пред концентрацијата БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ имал заедничка контрола над СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје заедно со ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје.

**Согласно Насоките на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поимот - концентрација[3] во пасусите 83 и 85 јасно е наведено дека**

[3] Овие насоки се целосно усогласени со Commission Consolidated Jurisdictional Notice under Council Regulation (EC) No 139/2004 on the control of concentrations between undertakings (Консолидирано известување на Комисијата за надлежноста согласно Регулативата на Советот (ЕК) бр.139/2004 за контрола на концентрациите помеѓу претпријатијата)

83.Влезот на нови акционери/содружници со контролен удел кој води до заедничка контрола може да резултира со промена од единствена во заедничка контрола, или од влез на дополнителни акционери/содружници или замена на постоечките акционери/содружници во претпријатие над кое веќе постои заедничка контрола.

85 Влезот на нов акционер/содружник во заеднички контролираното претпријатие - или како нов акционер/содружник, покрај постојаните акционери/содружници со контролен удел или со замена на еден од нив - исто така претставува концентрација за која постои обврска за поднесување на известување, иако претпријатието е заеднички контролирано пред и по активноста. Прво, во овој случај исто така има нов акционер/содружник кој стекнува контрола над заедничкото вложување. Второ, квалитетот на контрола над заедничкото вложување, зависи од идентитетот на сите акционери/содружници со контролен удел. Оттука, заедничката контрола, по својата природа е таква што поради тоа што секој акционер/содружник одделно има право на спречување/блокирање во однос на стратешките одлуки, акционерите/содружниците со заедничка контрола треба да ги земат предвид меѓусебните интереси и мора да соработуваат при утврдувањето на стратешкото однесување на заедничкото вложување. Затоа, природата на заедничката контрола не претставува чисто математичко додавање на правата за блокирање кои ги имаат неколку акционери/содружници, туку се определува од страна на составот на акционерите/содружниците кои ја имаат заедничката контрола

Согласно пасусите 143 и 144 од Консолидираното известување на Комисијата за надлежноста согласно Регулативата на Советот (ЕК) бр.139/2004 [4]за контрола на концентрациите помеѓу претпријатијата:

143.Во случај кога еден или повеќе акционери/содружници се здобијат со контрола, или со влез или со замена на еден или повеќе акционери/ содружници, во ситуација на заедничка контрола пред и по трансакцијата (концентрацијата), засегнатите претпријатија се акционерите/ содружници (постоечки и нови) кои вршат заедничка контрола и самото заедничко вложување (претпријатие кое е заеднички контролирано). Од една страна, слично на стекнување на заедничка контрола на постоечка компанија, самото претпријатие кое е заеднички контролирано може да се смета како засегнато претпријатие, бидејќи е веќе постоечко претпријатие. Од друга страна, како што е наведено погоре, влезот на нови акционери/ содружници не е само по себе ново стекнување на контрола, но води до промена во квалитетот на контрола за останатите акционери/содружници со контролен удел, бидејќи квалитетот на контрола на заедничко вложување (претпријатие кое е заеднички контролирано) е утврден од страна на идентитетот и составот на акционерите/содружниците со контролен удел, а исто така и од страна на врската/односот помеѓу нив. Исто така, Регулативата за спојување го разгледува заедничкото вложување (претпријатие кое е заеднички контролирано) како комбинација на економски ресурси на матичните (владеачките) компании, заедно со заедничкото вложување (претпријатие кое е заеднички контролирано), ако тоа веќе остварува приход на пазарот. Поради овие причини, нововлезените акционери/содружници со контролен удел се засегнатите претпријатија заедно со останатите акционери/содружници со контролен удел. Поради промена на квалитетот во контрола, се смета дека сите акционери/содружници стекнуваат контрола.

[4] Глава трета – Концентрации од Законот за заштита на конкуренцијта е целосно усогласена со Регулативата на Советот (ЕК) бр.139/2004

144.Според член 4 став(2) од првата реченица од Регулативата за спојување предвидува дека секое стекнување на заедничка контрола подлежи на заедничко известување од страна на претпријатијата коишто стекнуваат заедничка контрола, постоечки и нови акционери/содружници, во принцип, мора да известуваат за концентрации кои произлегуваат од таквите промени во случај на заедничка контрола.

Од горенаведеното произлегува дека во член 15 став (3) од Законот јасно е утврдено дека за концентрацијата која настанува како резултат стекнување на заедничка контрола заедничко известување поднесуваат учесниците на спојувањето односно стекнувачите на заедничката контрола. Односно дека стекнувачите на заедничка контрола имаат обврска за поднесување на известување без разлика дали некој од нив пред концентрацијата имал заедничка контрола со друго претпријатие кое излегло како содружник.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**